Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР АПАРАТНА ТЕХНИКА
Бр. 0201-71
20.05.19 год.
Скопје

# АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
# РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА
# СКОПЈЕ

# С Т А Т У Т

## НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-СКОПЈЕ

**(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

**Скопје, 20.мај 2019**

Врз основа на чл.417 од Законот за трговските друштва а согласно Одлуката за измена и дополнување на Статутот донесена на седницата на Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје одржана на ден 16.05.2019 година, Одборот на директори на Акционерското друштво на ден 20.05.2019 година **го изготви пречистениот текст на следниот**

# С Т А Т У Т
## НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНИ ПРОИЗВОДИ И ОПРЕМА РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА СКОПЈЕ (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој статут се уредува:

- Фирмата на Акционерското друштво РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА од Скопје, во понатамошниот текст од овој статут именувано како Друштво,
- Седиштето на Друштвото,
- Времетраењето на Друштвото,
- Дејноста на Друштвото,
- Внатрешна оргнизција на Друштвото,
- Застапување и претставување на Друштвото,
- Средства на Друштвото и основната главнина,
- Органи на управување и контрола во Друштвото,
- Деловни резултати и деловни книги,
- Права и обврски на вработените,
- Статусни промени во Друштвото,
- Деловна тајна,
- Заштита на човековата околина,
- Општи акти на Друштвото,

и други работи согласно Закон.

**Член 2**

Акционерското друштво РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА од Скопје е основано со Одлука на Собранието на поранешното Акционарско друштво во мешовита сопственост "Раде Кончар - Апаратна техника" од Скопје број 0202-652 за организирање на друштвото како Акционарско друштво со познат сопственик на капиталот, донесена на седницата одржана на ден 28.12.1995 година.

Акционерското друштво РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА е правен следбеник на целокупниот имот, правата и обврските на Акционерското друштво во мешовита сопственост "Раде Кончар - Апаратна техника" од Скопје запишано во судскиот регистер при Окружниот стопански суд во Скопје под број Срегбр. 3731/91 на 03.07.1991 година како правен претходник.

**Член 3**

Акционерското друштво РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА е трговско друштво, има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со акон, со овој статут и со другите општи акти на Друштвото.

## 2. ФИРМА НА ДРУШТВОТО

**Член 4**

Друштвото има фирма, односно име.

Името на Друштвото е: Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА.

Скратено име на Друштвото е: А.Д. РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА

Во коресподенција со странство Друштвото може да го употребува името на фирмата на англиски јазик со англиско латинично писмо и тоа: **RADE KONCAR-APARATNA TEHNIKA Stock Company.**

За промена на името на Друштвото одлучува собранието на Друштвото на предлог на одборот на директори.

**Член 5**

Друштвото има печат во округла форма со дијаметар од 33 мм на кој со кирилично писмо е испишано името на Друштвото

Друштвото има штембил во правоаголна форма во која е испишан текст РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА А.Д. Скопје и место за впишување на број и датум за заведувањето на актот.

Печатот и штембилот се употребуваат на сите општи и поединечни акти и во коресподенцијата на Друштвото.

Со печатот и штембилот ракува само одредено, односно овластено лице со посебен акт издаден од извршен член на одборот на директори на Друштвото.

За промена на печатот и штембилот одлучува собранието на Друштвото.

**Член 6**

Друштвото има свој заштитен знак стилизирани латинични слова РК со молња во круг.

За промена на заштитиниот знак одлучува собранието на акционери на Друштвото.

## 3. СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 7**

Седиштето на Друштвото е на Булевар "3-та Македонска бригада" б.б." во Скопје, Република Македонија.

За промена на седиштето на Друштвото одлучува собранието на Друштвото.

## 4. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 8**

Друштвото се основа на неопределено време.

**Член 9**

Друштвото може да престане со работа и да се избрише од регистерот со:

1. Одлука за престанок на работа на Друштвото,
2. Одлука за спојување со друго Друштво,
3. Одлука за делба на Друштвото,
4. Спроведување на стечај,
5. Во други случаи определени со закон.

Одлуката од став еден на овој член ќе биде полноважна ако за одлуката позитивно гласале најмалку мнозинство од гласови на акционери барано согласно закон.

## 5. ДЕЈНОСТИ НА ДРУШТВОТО

**Член 10**

Друштвото ќе ги врши сите дејности утврдени со Националната класификација на дејности освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или друг надлежен орган.

Претежна дејност на Друштвото е: **74.15 Управувачки активности на холдинг компаниите.**

Одлука за проширување или смалување на дејноста донесува одборот на директори на Друштвото а на основа претходно образложен предлог за оправданоста на проширување или смалување на дејноста кој го поднесува извршен член на одборот на директори.

## 6. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО

**Член 11**

Во правниот промет со трети лица Друштвото има права и обврски на стопански правен субјект - трговско друштво.

**Член 12**

Одоборот на директори со своја одлука ја утврдува внатрешната организација и систематизација на Друштвото.

**Член 13**

Делови на Друштвот немаат правен субјективитет и не се овластени за настапување во правниот промет и за преземање обврски во име и за сметка на Друштвото.

## 7. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО.

**Член 14**

Друштвото го застапува во земјата и странство одборот на директори.

Одоборот на директори ги застапува влогвите на Друштвото во друштвата со ограничена одговорност во кои друштвото има свои влогови, однонсно акции или удели.

Одборот на директори со своја одлука ќе именува член на одборот на директори кој ќе учествува во работата на органите на управување во друштвата во кои Раде Кончар-Апаратна техника има свои влогови.

Лицето именувано согласно претходниот став од овој член, во органите на управување во кои Друштвото има свои влогови, неможе да превзема постапки, дејствија и да гласа спротивно на одлука на одборот на директори.

**Член 15**

Одборот на директори со своја одлука ќе одлучува за склучување на договори за купување на недвижности и други основни средства или договори за долгорочни пласмани на средства на Друштвото, односно договори за задолжување на Друштвото со долгорочни кредити и други долгорочни обврски чија вкупна вредност во текот на една година не е поголема од 10% од вредноста на главнината на Друштвото во времето на заклучување на договорите, односно при заклучување на последниот договор во текот на годината, а доколку вредноста е поголема од 10% од главнината на друштвото потребна е согласност на собранието на акционери на Друштвото.

**Член 16**

Одборот на директори може да даде писмено полномошно и на друго лице за склучување на определени видови на договори и за преземање на определени правни дејствија.

Полномошникот е должен покрај својот потпис да назначи дека е полномошник.

**Член 17**

Одборот на директори , со своја одлука , може да даде прокура.

Давањето, одземањето и регистрацијата на дадена прокура ќе се извршува во согласност со закон.

Односите помеѓу друштвото и прокуристот, односно прокуристите се уредуваат со договор за прокура кој во име на друштвото го потпишува претседателот на одборот на директори.

**Член 18**

Прокуристот не може да го отуѓува и оптоварува недвижниот имот на друштвото и не може да дава изјави ниту да презема правни работи со кои ќе биде започната стечајна или друга постапка која ќе доведе до престанок на друштвото.

Прокуристот не може да дава полномошно на друго лице за било кои работи.

## 8. СРЕДСТВА НА ДРУШТВОТО

**Член 19**

Друштвото работи со средствата на Акционерското друштво за проектирање и производство на електрични производи иопрема"Раде Кончар-Апаратна техника"Скопје.

Основната главнина на Друштвото изнесува 4.124.600 Евра, односно 250.908.661,00 денари.

Основната главнина е изразена во 206.230 обични акции, а номиналната вредност на една акција изнесува 20 Евра.

**Член 20**

Бројот на акциите по сопственик ќе се усогласува по секоја законски извршена промена на сопственоста на акциите.

**Член 21**

Сопствениците на акциите имаат траен влог во друштвото.

Трајните влогови announcementsнеможат да се враќаат на сопствениците на акциите , односно на акционерите освен во случаи наведени во овој статут и на основа Закон.

**Член 22**

Друштвото за своите обврски одговара со сите средства.

Акционер на друштвото е лице (правно или физичко) кое е сопственик на една или повеќе акции и кое не одговара за обврските на акционерското друштво.

**Член 23**

Централен депозитар за хартии од вредност , во согласност со закон, на сопствениците на акции може да им издаде потврда за акции.

**Член 24**

Акциите се запишуваат во книга на акции на Друштвото којашто се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во електронска форма.

**Член 25**

Акциите на друштвото од серија "А", серија "Б" и серија "В" се преносливи и можат да се наследуваат.

**Член 26**

Во случај на продажба на акции на друштвото во судска извршна постапка, правото на првенство на купување ќе се остварува по следниот редослед: други акционери, друштвото, односно лице определено од друштвото.

**Член 27**

Начинот и постапката на пренос, односно купопродажба на акциите ќе се врши во согласност со закон.

**Член 28**

Купувачот на акција се здобива со сите права и обврски како сопственик на акција кои му припаѓале на претходниот сопственик.

Од денот на евидентирањето , односно евидентирањето на сопственоста на новиот сопственик, сите права од акциите преоѓаат на новиот сопственик во согласност со овој статут.

**Член 29**

Наследувањето на акција ќе се евидентира согласно закон.

**Член 30**

Друштвото може, со измена на Статутот , да изврши поделба на акциите и истовремено да го намали нивниот номинален износ, под услов основната главнина да остане непроменета.

Друштвото може, со измена на статутот, да изврши спојување на акциите и истовремено да го зголеми нивниот номинален износ , под услов основната главнина да остане непроменета.

**Член 31**

Друштвото може да основа Фонд од кој што вработените можат да стекнат акции на друштвото бесплатно или по повластени услови.

Друштвото може да купува сопствени акции само на основа одлука на собранието на акционери и во согласност со закон.

Купените акции во сопственост на Друштвото не може да изнесуваат повеќе од 10% од вкупниот број на акции.

**Член 32**

Фондот не е правен субјект. Фондот е самостојно тело кое работи во име и за сметка на Акционерското друштво со права и организација определени со Правилата на Фондот во согласност со овој Статут.

Административните и други стручни работи на Фондот ги врши Акционерското друштво и истите паѓаат на терет на Друштвото.

Во Фондот членуваат сите вработени во Акционерското друштво и во поврзаните друштва во холдингот Раде Кончар – Скопје и тоа: ДОО Раде Кончар – Заварување, сечење и автоматизација- Скопје, ДОО Раде Кончар – Контактори и релеи – Скопје, ДОО Комерц Раде Кончар, ДОО Раде Кончар – Сервис и поправки на електрични производи- Скопје, ДОО Раде Кончар – Заеднички дејности – Скопје, ДОО Раде Кончар – Завод за тестирање и квалитет – Скопје.

Со Фондот управува Одбор на Фондот кој е составен од 5 (пет) члена, од кои 3 (три) од редот на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво, 2 (два) од редот на вработените.

Одлуката за избор на членовите на Одборот на Фондот ја донесува Собранието на Акционерскот друштво.

Одборот на Фондот од редот на своите членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, го избира Претседателот на Одборот на Фондот.

Мандатот на членовите на Одборот на Фондот е 2 (две) години, со можност да бидат повторно избрани.

**Член 33**

Фондот располага со акции кои му се пренесени од Акционерското друштво.

Одлука за издавање на акции наменети за Фондот за критериумите за нивната распределба и за распределба на акциите од Фондот за стекнување на акции за вработените донесува Собранието на акцинери со мнозинство на гласови коешто неможе да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас, преставени на собранието на акционери на Друштвото.

Преносот на акциите од Друштвото во Фондот го врши Одборот на директори на Акционерското Друштво со своја одлука, во која неизоставно треба да се наведе под какви услови ќе се стекнуваат акциите односно колкава ќе биде повластицата и по која цена.

**Член 34**

Акциите Фондот ги стекнува од сопствените акции на Друштвото, што во согласност со Закон и Статутот ги стекнало или ќе ги стекне Друштвото, или акции издадени од имото на Друштвото што ја надминува основната главнина, од резервите и акумулиранаата добивка со истовремено зголемување на номиналниот износ на номиналната главнина.

Акциите стекнати бесплатно, односно по повластена цена од страна на вработените се водат на посбна сметка на вработените во Централниот депозитар за хартии од вредност и имаат преносливост согласно Законот.

До стекнување на акциите од страна на вработените тие се водат како акции на Фондот на акции на вработените, односно Фондот ги преставува овие акции со право на управување и право на глас во Собранието на акционерското друштво до нивната конечна распределба на вработените во холдингот Раде Кончар.

**Член 35**

Собранието на акционери донесува Програма за Фондот според која вработените во холдингот Раде Кончар ќе можат да стекнуваат акции во Друштвото по повластена цена или безплатно.

Со Програмата од ст.1 на овој член особено се утврдува: начинот на стекнување на акциите од страна на вработените, по повластена цена или бесплатно, како и распределбата на акциите на вработените, односно мерилата и критериумите на распределба на акциите, и други прашања сврзани со стекнување на акциите.

**Член 36**

Сопствениците на акции имаат право на:

1. Управување во друштвото сразмерно на учеството на нивните управувачки акции во вкупниот број на управувачки акции.
2. Дивиденда сразмерно на учеството на нивните акции по исплатата на дел од дивидендата на приоритетните акции.
3. На дел од стечајната, односно од ликвидационата маса, во случај над Друштвото да се поведе стечајна или ликвидациона постапка.
4. Други права утврдени со Закон и овој Статут.

**Член 37**

Основната главнина на Друштвото може да се зголемува или смалува, само на основа Одлука на Собранието на акционери на Друштвото со која одлука ќе се определи износот, целта и начинот на зголемување на главнината на Друштвото, и се друго во согласност со Закон.

Друштвото може да ја зголемува основнат аглавнина и со издавање на нови акции.

За сметка на дел од добивката, односно за сметка на целата добивка може да се издаваат нови акции највеќе до една половина од основната главнина на Друштвото.

Одлуката од опретходниот став на овој член, по нејзиното реализирање, се доставува до Централен регистар заради запишување во Трговскиот регистар.

**Член 38**

Правото на управување се здобива со сопственост на обични управувачки акции на Друштвото и евидентирање на сопственоста во книгата на акции, во Централен депозитар за хартии од вредност.

Правото на управување е сразмерно на учеството на управувачките акции во сопственост на секој имател во вкупниот број на управувачки акции.

Една обична акција дава право на еден глас во Собранието на Друштвото.

Друштвото има 206.230 акции со право на глас.

**Член 39**

Правото на учество во распределбата на дивиденда е сразмерно на учеството на акциите во сопственост на секој имател на акции по исплатата на дивидендата на приоритетните акции.

За начинот на исплатата и висината на учеството во распределба на дивиденда, на предлог на Одборот на директори, одлучува Собранието на Друштвото.

Исплатата на дивидендата неможе да биде подоцна од 30 септември во тековната година во која се донесува одлуката на Собранието за исплата на дивиденда.

Доколку дивидендата не се исплати во рок утврден во претходниот став од овој член, по истекот на овој рок на износот на дивидендата која треба да им се исплати на акционерите се пресметува законска затезна камата до денот на исплатата на дивидендата.

Начинот и постапката за исплата на дивиденда ќе се одредува со одлуката за исплата на дивиденда.

**Член 40**

Правото на учество во стечајната, односно ликвидационата маса на Друштвото имателите на акции ќе го остваруваат согласно Закон.

**Член 41**

Друштвото може да донесе одлука за емисија на друга серија на акции и други хартии од вредност на основа Одлука на собранието на акционери на Друштвото и во согласност со Закон.

## 9. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

**Член 42**

Органи на друштвото се Собрание на акционери и Одбор на директори.

## ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

**Член 43**

Одборот на директори на Друштвото има пет члена од кои четири неизвршни членови односно директори од кои еден независен и еден извршен член односно директор.

Членовите на Одборот на директори ги избира Собранието на акционери со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на Собранието согласно Законот. Предлог за избор поднесуваат акционери кои застапуваат најмалку 10% од вкупните акции на друштвото со право на глас.

Пред да се пристапи кон избор на член на Одборот на директори, за секој кандидат во писмена форма се објавуваат податоци за возраста, полот, образованието и други професионални квалификации, работно искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување и другите поважни функции што вршел, бројот на акциите што ги поседува во друштвото и други друштва, како и заемите и другите обврски што ги има спрема Друштвото.

Податоците утврдени со ставот 3 од овој член им се доставуваат на акционерите најдоцна седум дена пред собранието да пристапи кон избор. Податоците се достапни за секој акционер, со увид во материјалите за седницата на собранието кои можат да се извршат во просториите на Друштвото точно наведени и објавени со повикот за Собрание.

Одлуката на Собранието за избор на Одбор на директори односно негов член, влегува во сила со денот на донесувањето. Пријавата за упис во Трговскиот регистар на избраниот Одбор на директори или негов член ја поднесува лицето определено со Олука на Собранието на акционери.

**Член 44**

Членовите на Одборот на директори, се именуваат за времетраење од една година до изборот на нов Одбор на директори на седница на собранието на акционери на која на дневен ред е одобрување на Годишната сметка од претходната деловна година и избор на Одбор на директори.

Членовите на Одборот на директори можат да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати претходно биле избрани.

Собранието може да ги отповика сите членови на Одборот на директори, односно член на овој орган и пред истекот на времето за кое биле избрани. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас претставени – присутни на седницат на Собранието.

Ако Собранието донесе Одлука за отповикување на сите членови на Одборот на директори односно за нивен член, на истата седница избира нови членови на Одборот на директори, односно нов член, ако Собранието одлучи така и ако на Собранието на акционерите, во писмена форма, им се достават податоци за кандидатите коишто треба да бидат избрани.

**Член 45**

Член на Одборот на директори може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до Собранието на акционери.

Потписот на членот на Одборот на директори на писмено известување за оставката се заверува кај Нотар.

По поднесената оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање.

Ако интересите на Друштвото го наложуваат тоа, Одборот на директори може да го обврзе членот кој дал оставка да продолжи да ја врши функцијата се до изборот на нов член, но не подолго од 60 дена.

Се смета дека членот на Одборот на директори му престанал мандатот со денот на поднесувањето на известувањето за оставката, освен ако во писмената оставка не е наведен некој друг датум.

**Член 46**

Одборот на директори од членовите избрани во Одборот на директори, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, го избира и назначува Извршниот директор и неизвршните директори.

Одборот на директори од редот на своите неизвршни членови со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Одборот на директори, го избира и Претседателот на Одборот.

Одборот на директори може да го разреши Претседателот во било кое време и да избира нов претседател.

Претседателот на Одборот на директори ги свикува и претседава со состаноците, одговорен е за водење евиденција за состаноците и организирање на другите начини (форми) на работа и одлучување на Одборот на директори.

**Член 47**

Собранието со одлука го определува месечниот паушал на неизвршните членови на Одборот на диркетори. Неизвршните членови имаат право на надомест на сите други трошоци (патни и др. трошоци) право на осигурување на живот или друг вид на осигурување, користење на простории, средства за работа и сл.

За посебно доверена работа што за друштвото ја извршил некој неизвршен директор има право на дополнителна награда.

Извршниот член на Одборот на директори има право на плата, односно месечен надомест, право на осигурување и други трошоци и права, утврдени во Договор за уредување на односите меѓу Друштвото и Извршен член на одборот на директори кој договор од името на друштвото го склучуваат неизвршните членови на Одборот на директори.

**Член 48**

Извршен член на Одборот на директори не смее да врши било каква дејност или активност во друго друштво, платена или не, за своја сметка или за туѓа сметка без одобрение на неизвршните членови на Одборот на директори.

За даденото одобрение неизвршните членови на Одборот на директори го информираат Собранието.

Одредбите од став први и втори од овој член не се однесуваат на било какви работи и активности на Извршните членови на одборот на директори во друштвата со ограничена одговорност во кои Друшвото има свои влогови.

**Член 49**

Во случај на судир на интереси ќе се постапува во согласност со Закон.

**Член 50**

Членовите на Одборот на директори се должни да ги вршат функциите во интерес на акционерското друштво и во интерес на акционерите и на вработените.

**Член 51**

Одборот на директори има најшироки овластувања за дејствување во сите околности во име и за сметка на Друштвото освен за овластувањата кои во согласност со овој Статут и Закон се во надлежност на Собранието на акционери на Друштвото.

За застапување на интересите на Друштвото во други друштва во кои Друштвото има свои влогови, Одборот на директори со своја одлука ќе одреди кој член на Одборот на директори ќе го застапува Друштвото во органите на управување во друштвата во кои Друштвото има свои влогови.

**Член 52**

Извршниот член на Одборот на директори го застапува Друштвото во односите со трети лица, е одговорен за водењето на работите на друштвото и е овластен да дејствува во сите околности во рамките на своите надлежности во име и за сметка на Друштвото, освен за овластувањата, кои согласно овој Статут и Закон, се во надлежност на собранието на акционери и н а неизвршните членови на одборот на директори.

**Член 53**

Одборот на директори неможе да ги пренесе врз Извршниот член овластувањата кога се одлучува за:

- Затворање или пренос на Друштвото или негов дел во кој што Друштвото има свој влог;

- Намалување или зголемување на влоговите во друштва со ограничена одговорност или за промена на сопственичката структура во кои Друштвото има свои влогови;
- Намалување или проширувае на предметот на работа, односно на дејностите на Друштвото;
- Организациони промени на Друштвото што се утврдува со акт на Друштвото
- Создавање на долгорочни кооперации со други друштва или престанување на такви кооперации;
- Основање или затворање на подружници или друштва со ограничена одговорност во земјата и странство;
- Давање на средства во залог или во хипотека;
- Задолжување на Друштвото со кусорочни или догорочни обврски поголеми од 2% од главнината на Друштвото.

**Член 54**

Извршниот член на Одборот на директори поднесува на неизвршните членови тромесечен извештај за работењето на Друштвото.

По истекот на деловната година Извршниот член на Одборот на директори поднесува на неизвршните членови нацрт годишна сметка на Друштвото заедно со Годишен извештај за работењето на Друштвото и посебен извештај или извештаи ако тоа го бараат неизвршните членови.

Неизвршните членови покрај овластувањата што со Закон им се определени во вршењето на правото на надзор над водењето на работењето од страна на Извршниот член, имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на Друштвото, како и имотот, особено благајната на Друштвото и хартиите од вредност и стока. Неизвршните членови за вршење одделни стручни работи од надзорот можат да задолжат кое било вработено лице во Друштвото или друго стручно лице.

**Член 55**

Одборот на директори работи на седници.

Седницата на Одборот на директори може да се одржи ако на седницата се присутни најмалку три членови на Одборот на директори.

Одборот на диркетори, во текот на годината, задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеци, пришто еден од нив мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржувње на годишното собрание.

**Член 56**

Секој член на Одборот на директори има еден глас.

Одлуките на Одборот на директори се донесуваат со мнозинство на гласови од вкупниот број на гласови на Одборот на диркетори.

Одлука за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се врши во согласност со сите членови на Одборот на диркетори.

Во случај на поделеност на гласовите, одлучувачки ќе биде гласот на Претседателот на одборот на директори.

Одлуките кои согласно овој Статут и Закон се во надлежност на неизвршните членови на Одборот на директори ќе бидат полноважни ако за одлуките гласале најмалку два члена од неизвршните членови.

**Член 57**

За одговорноста на членовите на Одборот на директори за направена штета на Друштвото ќе се постапува во согласност со Закон.

**Член 58**

Одборот на директори ќе донесе деловник за работа на Одборот на директори.

Деловникот за работа на Одборот на директори неможе да има одредби спротивни на овој Статут и Закон.

Во случај на противречност на одредбите на деловникот на Одборот на директори со овој Статут и Закон, ќе се применуваат одредбите од овој Статут и Закон.

## СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА ДРУШТВОТО

**Член 59**

Собранието го сочинуваат акционерите кои имаат управувачки акции.

Акционерите своите права и интереси во Друштвото ги остваруваат во Собранието на акционери.

**Член 60**

Собранието ги врши и одлучува за следноте работи:

1. Го донесува Статутот на Друштвото и усвојува изменување и дополнување на Статутот,
2. Одлучува за зголемување или намалување на основната главнина на Друштвото,
3. Одлучува за промена на правата на одредени родови и видови на акции,
4. Избира и отповикува членови на Одборот на директори на Друштвото и ја одредува нивната награда и другите трошоци и надоместоци согласно овој Статут и Закон,
5. Ги усвојува, односно ги одобрува извештаите за работа на Одборот на директори,
6. Ја усвојува завршната сметка на Друштвото и одлучува за распределба на добивката, односно за покривање на загубата,
7. По потреба именува ревизори за годишна сметка,
8. Одлучува за преобразба на Друштвото во друго друштво,
9. Одлучува за престанок на работа на Друштвото,
10. Одлучува за основање на друштвата или за купување на влогови во друштво во земјата и странство во кои влогот во новооснованите друштва или купениот влог е поголем од 5% од основната главнина на Друштвото основач односно купувач на влогот.
11. Одлучува за издавање на хартии од вредност,
12. Одлучува за промена на името, седиштето и заштитниот знак на Друштвото,
13. Донесува акти за својата работа и од своја надлежност,
14. Одлучува за намалување или зголемување на влоговите во друштвата со ограничена одговорност или за промена на сопственичката структура во кои Друштвото има свои влогови ако надминува 20% од капиталот на акционерското друштво во тековната година, а до 20% на капиталот на акционерското друштво одлучува Одборот на директори,
15. Одлучува и за други работи во согласност со овој Статут и Закон.

Собранието избира Претседавач со седницата на Собранието, записничари и двајца акционери – заверувачи на Записникот.

**Член 61**

Расправата за работата на Одборот на директори и одобрување на нивната работа Собранието на акционери мора да ја води заедно со расправата за годишниот биланс на успех на Друштвото.

По барање на акционери кои имаат најмалку 10% од вкупните управувачки акции Собранието може да одлучува за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори и да се гласа одделно за секој член.

**Член 62**

Одборот на директори, по своја иницијатива или по барање на акционер, донесува одлука за свикување на Собрание на акционери.

Барање за свикување на Собрание може да поднесат акционери кои имаат најмалку една десетина од сите акции со право на глас. Ова барање се доставува до Одборот на директори, кој во рок од осум дена од приеот на барањето, донесува одлука за прифакање или одбивање на барањето.

**Член 63**

Собранието ќе се свикува со јавен повик до акционерите за одржување на седница на собранието кој ќе се објавува на огласната табла на Друштвото и во еден дневен весник во Република Македонија.

Повикот за учество на Собранието на Друштвото треба да ги содржи најмалку следните податоци:

1. Фирмата и седиштето на Друштвото
2. Место и дата на одржување на Собранието
3. Дневен ред и
4. Друго согласно Статутот на Друштвото и согласно Законот

Рокот којшто тече од денот на објаувањето на повикот неможе да биде подолг од 30 дена ниту пократок од 21 ден до денот на одржувањето на Собранието.

**Член 64**

Собранието може да одлучува само за прашања кои што се уредно ставени на дневен ред.

Собранието може да расправа, без право на одлучување, и за прашања кои што не се уредно ставени на дневен ред.

Секој акционер има право во кое било време да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на Собрание коешто ќе биде свикано.

Акционери кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да бараат дополнување на дневниот ред со вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на Собрание коешто веќе е свикано.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собрание коешто е свикано се испраќа до свикувачот на Собранието, односно до лицето определено од судот да свика собрание, во согласност со Закон ,и тоа во рок од осум дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за учество на Собранието.

Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собрание коешто е свикано неможе да се одбие, освен во случаите:

- ако акционерот, односно акционерите го пропуштиле рокот од ставот пет на овој член;
- ако акционерот, односно акционерите не поседуваат доволен број акции со право на глас во Друштвото, во согласност со ставот 4 од овој член;
- ако предлогот не ги исполнува другите услови предвидени со Закон;
- ако точката, односно точките коишто се бара да бидат вклучени во дневниот ред на Собранието не спаѓаат во надлежност на Собранието или не се во согласност со Законот и Статутот.

Ако барањето од ставот 5 на овој член не е ставено на дневен ред освен во случаите во ставот 6 на овој член, конечна одлука по барањето донесува Собранието при усвојувањето на дневниот ред.

Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието, органот што го свикал Собранието го објавува на ист начи на којшто го објавил јавниот повик за учество на свиканото Собрание, најдоцна осум дена пред денот на неговото одржување.

**Член 65**

На собранието може да учествува во расправата и да гласа секој акционер кој ги застапува лично сопствените управувачки акции или лице кое е ополномоштено од други акционери кои полномошна му даваат право на глас.

Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото собрание должен е да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Списокот на пријавените акционери го подготвува комисијата за акции.

Пред почетокот на одржувањето на собранието, комисијата за акции во Друштвото го споредува списокот на прјавените акционери според состојбата во Акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на собранието.

Пред почетокот на одржување на собранието списокот на пријавени акционери го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на собранието. Потпишаниот список со свој потпис го заверуваат претседавачот со собранието и записничарот. По заверката на списокот претседавачот на собранието го констатира кворумот за работа.

Акционерите кои ги претставуват сопствените акции или нивните ополномоштени лица имаат право да учествуваат во расправата по точките од дневниот ред и да гласаат за се што собранието на акционери ќе предложи на усвојување или одобрување.

**Член 66**

На седницата на собранието може да учествуваат и членовите на Одборот на директори со право на учество во расправата и без право на глас.

Доколку членовите на Одборот на директори се и сопственици на управувачки акции имаат право на глас сразмерно на сопствените акции.

Членовите на Одборот на директори на Друштвото не можат да бидат ополномоштени лица за учество во работата на собранието.

**Член 67**

На почетокот на собранието се составува список на присатни акционери со право на глас во кој се наведува: името, односно фирмата и адресата, односно седиштето на акционерот, односно на ополномоштеното лице и бројот на акциите и бројот на гласовите кои припаѓаат на секој учесник во работата на собранието.

Списокот го изготвува комисијата за акции.

Списокот треба да биде потпишан од претседавачот на собранието и од записничарот.

Списокот се доставува на увид на учесниците на собранието пред првото гласање и секој акционер, односно ополномоштено лице може да побара да му се даде копие од списокот.

**Член 68**

Една управувачка акција дава парво на еден глас во собранието на Друштвото.

Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со парвото на глас.

Ако на собранието не се обезбеди кворум за работа, собранието не може да почне со работа. За време што не е подолго од 15 дена од денот за кој што е закжано одржувањето на собранието кое што немало кворум за работа се закажува нов термин за одржување на собранието и се објавува на начин на кој што е објавено свикувањето на собранието.

Учеството на презакажаното Собрание повторно не се пријавува. Пред да се започне со работа на презакажаното собрание се пристапува кон верификација на присутните акционери, односно полномошници на акионери. По заверка на списокот претседавачот со собранието го констатира присуството односно кворумот за работа на собранието.

Собранието одлучува со мнозинство на гласови од присатните, односно од претставените управувачки акции на седницата на собранието.

Одлуките на собранието се донесуваат со мнозинство на акциите со право на глас преставени на собранието, освен ако со Законот и Статутот не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со кое што се донесуваат одлуките на собранието.

Одлуката за зголемување или намалување на основната главнина се донесува со мнозинство гласови кое не може да изнесува под 2/3 од акциите со право на глас преставени на собранието.

Одлуката за измена и дополнување на Статутот се усвојува со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од 2/3 од акциите со право на глас претставени на собранието.

За именување на членовите на Одборот на директори, собранието донесува одлука со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на собранието согласно Законот.

За одлуката за отповикување на членовите на Одборот на директори е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас преставени на собранието.

Собранието ја одобрува зделката со заинтересирана страна со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од мнозинството од претставените акции на собранието со право на глас.

**Член 69**

Со седницата на собранието претседава претседавач (во натамошниот текст: Претседавач со собрание). Претседавачот со собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата на собранието.

Претседавачот со собранието се избира за секое одделно собрание.

Мандатот на Претседавачот со собранието трае до изборот на Претседавачот на наредното собрание кое што треба да биде одржано.

За Претседавачот со собранието може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер. За Претседавач со собранието не може да е избран член на Одборот на директори.

**Член 70**

Ако дојде до прекин на седница на собрание што започнало со работа, присутните акционери на седницата на собранието можат да одлучат собранието да продолжи со работа во време и место кое што се определува со мнозинство гласови од кворумот за работа на собранието, цц (продолжување на прекината седница на собранието).
Одложувањето неможе да биде подолго од осум дена од денот на прекинот.

Ако дојде до прекин на седница на собрание што започнало со работа, а собранието не донело одлука за продолжување со работа, во согласност со ставот 1 од овој член, Претседавачот со собранието го определува времето и местото на продолжувањето на прекинатата седница на собранието.

**Член 71**

Гласањето на собранието го одредува Претседавачот со собранието во согласност со Закон.

**Член 72**

Одлуките на собранието влегуваат во сила од денот на донесувањето, освен ако во одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила.

**Член 73**

Секој акционер односно ополномоштено лице може на собранието на Друштвото да бара да добие известување за состојбата на Друштвото ако таквото известување е во врска со точките на дневен ред на собранието.

Известувањето може да се ускрати само ако интерест на Друштвото или јавниот интерес се позначајни од интересот на акционерот кој бара известување.
Акционерот кому му е ускратено известувањето може да бара да биде известен согласно Закон.

**Член 74**

За работата на собранието се води записник кој содржи податоци за:

- фирмата и седиштето на Друштвото;
- датумот, времето и местото на одржување на собранието;
- името на Претседавачот, записничарот и имињата на членовите на комисијата за гласање, ако се избираат;
- дневниот ред на собранието;
- бројот на присутните акционери, односно полномошинците на акционери и кворумот за работа;
- расправата водена на собранието;
- значајните настани на собранието и поднесени предлози;
- одлуките, бројот на гласови.

Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишуваат записничарот и Претседавачот на собранието, а го заверуваат заверувачите на записникот.

Записниците заедно со прилозите се чуваат најмалку 10 години.

**Член 75**

Собранието на акционери донесува и работи по деловник за работа на собрание на акционери.

## 10. ДЕЛОВНИ РЕЗУЛТАТИ

**Член 76**

Друштвото води трговски книги и други деловни книги согласно Закон.

Друштвото врши пописи на средствата согласно Закон.

Друштвото е должно, согласно Закон, да ги чува трговските книги, деловните книги, билансите, извештаите за попис и извештаите за работа и контрола на работењето на Друштвото, неговата коресподенција и книгата на одлуки и друга деловна документација.

**Член 77**

Резултатите од работењето на Друштвото се искажуваат во годишната сметка во форма и во рокови одредени со Закон.

Извршниот член на Одборот на директори, по истекот на деловната година, поднесува на неизвршните членови на Одборот на директори нацрт годишна сметка заедно со годишен извештај за работата на Друштвото.

Неизвршните членови можат, непосредно или преку други лица за ревизија или контрола, да извршат контрола на работењето на Друштвото и управувањето во него практикувано од Извршниот член на Одборот на директори.

Пред одобрување на годишната сметка се врши ревизија на годишната сметка согласно Закон.

**Член 78**

Одборот на директори, со своја одлука, ја доставува до собранието на акционери годишната сметка заедно со извештајот за работа на Друштвото, извештај за управувањето на Одборот на директори за деловната година, заедно со извештајот на Ревозорот.

Заедно со годишната сметка, Одборот на директори доставува до собранието на акционери предлог за распределба на добивката на Друштвото или за покривање на загубата.

**Член 79**

На годишната сметка се врши ревизија во согласност со Закон и извештајот на ревизорите се доставува до собранието на акцонери заедно со годишната сметка на Друштвото.

Годишната сметка и извештајот за ревизија на годишната сметка се доставува до надлежни институции во согласност со Закон и се објавува во согласност со Закон.

**Член 80**

За остварените резултати, распределба на добивката или покривање на загубата, на предлог на Одборот на директори на Друштвото, одлучува собранието на Друштвото.

Од нето добивката остварена во АД "Раде Кончар – Апаратна техника" по оданочување, без добивките од наплатените дивиденди од друштвата со ограничена одговорност основани од холдингот "Раде Кончар – Апаратна техника", по законски задолжителното издвојување на законските резерви и дивиденда на приоритетните акции, 15% ќе се исплаќа како награда на членовите на Одборот на директори.

На членовите на Одборот на директори ќе им се исплаќа како награда 5% од средствата остварени со наплатени дивиденди од друштвата со ограничена одговорност во кои холдингот "Раде Кончар – Апаратна техника" има свој влог.

Наградата од став 3 на овој член ќе се исплаќа само доколку во повеќе од 70% од вложениот капитал на холдингот во други друштва во тековната година ќе се искаже добивка.

Наградите на членовите на Одборот на директори наведени во овој член ќе се исплаќаат поединечно на секој член зависно од поединечниот придонес на секој член на Одборот на директори, а на основа одлука на Одборот на директори.

Остатокот од нето добивката Собранието ја распределува за:

- покривање на загуби од минати години, и/или
- резервен фонд – задолжителен дел, и/или
- фонд за посебни резерви, и/или
- за инвестиции или зголемување на обртните средства на Друштвото, и/или
- статутарни резерви за одредена намена, и/или
- за распределба на дел од добивката на сопствениците на акциите (дивиденда).

Со одлуката за исплата на дивиденд на сопствениците на акции се определува износот на дивидендата по една акција, а во согласност со одредбите на овој Статут и Закон се одредува и времето на исплата на дивидендата кое неможе да биде подоцна од 30 септември во годината во која се донесува одлуката за плаќање на дивиденда.

Дивиденда ќе се исплаќа на сопствениците на акции евидентирани во акционерската книга од Централен депозитар за хартии од вредност, два дена пред денот на одржување на седница на собранието на која се донесува одлука за исплата на дивиденда.

Собранието може да донесе одлука за дел од добивката, односно дивидендата која припаѓа на акионерите да им издаде нови акции.

**Член 81**

Загубата на Друштвото утврдена согласно Закон, ќе се покрива со средства кои за таа намена можат да се користат согласно Закон, овој Статут, другите општи акти на Друштвото и одлуката на собранието.

## 11. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 82**

Вработените во Друштвото ги остваруваат своите права, обврски и одговорности од работниот однос согласно Закон, овој Статут, општиот колективниот договор, договорите за работа и другите општи акти на Друштвото.

## 12. СТАТУСНИ ПРОМЕНИ

**Член 83**

Одлука за статусни промени на Друштвото (поделба, спојување, припојување) донесува Собранието на Друштвото, со мнозинство гласови кое неможе да изнесува помалку од 2/3 од акциите со право на глас претставени на седницата на Собранието.

Предлог за статусни промени може да поднесе Одборот на директори или акционери кои заедно имаат најмалку 10% од вкупниот број на акции на Друштвото а на основа елаборат за економската оправданост за предложените статусни промени поднесен од предлагачот.

## 13. ДЕЛОВНА ТАЈНА

**Член 84**

Како деловна тајна се сметаат сите исправи податоци и информации, материјали, евиденции и акти кои со закон или со посебен општ акт се прогласени за деловна тајна.

Работата на Одборот на директори по правило се смета за деловна тајна освен одлуките, извештаите, податоците и информациите кои ги припремаат извршните или неизвршните членови на Одборот на директори а кои се наменети за употреба и од други лица.

Деловната тајна не смее да се соопштува или дава на увид или на друг начин пренесува или соопштува на трето лице.

**Член 85**

Сите вработени во Друштвото или сопственици на акции, членови на Одборот на директори или ревизори и други стручни лица и контролори, кои на било кој начин дошле до информација, податок или акт кој претставува деловна тајна или податоци и информации кои ги извеле во своето работење а се однесуваат на Друштвото и претставуваат деловна тајна , се должни да јачуваат деловната тајна и не смеат да ја соопштуваат или ставаат на увид на трето лице.

Должноста за чување на деловната тајна трае и по престанок на работниот однос во Друштвото, по завршување на одредени работи за Друштвото, односно по престанок на статусот акционер.

Податоците, информациите и актите кои се сметаат деловна тајна можат да бидат достапни на трети лица само на начин утврден со посебен општ акт на Друштвото или Закон или со согласност на претседателот на одборот на директори или извршните членови на одборот на директори.

Против лицата кои ќе оддадат деловна тајна, Друштвото може да поведе постапка за надомест на штета и други постапки и мерки согласно Закон.

## 14. ИНФОРМИРАЊЕ

**Член 86**

Одборот на директори е должен да обезбеди редовно, вистинито, навремено и според содржината и обликот целосно информирање на акционерите на Друштвото за неговото работење и економската состојба.

На секој акционер мора да му се обезбеди право на увид и копирање на сите акти и документи на Друштвото кои се предвидени во членот 319 од Законот за трговските друштва, а особено на оние кои се таксативно набројани во истиот член.

Секој акционер има право да поднесе барање за увид и копирање во актите и документите на Друштвото и истиот е должен барањето за увид да го достави до архивата на друштвото, лично или со препорачана пошта, и во истото да наведе кои акти и документи бара да му бидат дадени на увид и копирање.

Овластено лице на Друштвото е должно да му овозможи на акционерот увид и копирање во актите и документите на Друштвото без одлагање, а во секој случај увидот и копирањето мора да му биде овозможено на акционерот во рок не подолг од три дена сметано од денот на приемот на барањето во архивата на Друштвото.

Акционерот кој побарал копирање на актите и документите на Друштвото ги сноси трошоците за бараните копии, кои не можат да бидат повисоки од стварните трошоци.

Доколку одреден акт или документ содржи лични податоци, акционерот е должен да ги почитува одредбите од Законот за заштита на личните податоци и да ги користи овие акти и документи исклучиво за целите на акционерството, во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци, Законот за трговските друштва, Законот за преземање на акционерски друштва и другите закони од кои произлегуваат права и обврски за акционерите.

Доколку одреден акт или документ содржи матичен број на граѓанинот, контролорот назначен од Друштвото е должен истиот да го прекрие и на акционерот да му го даде бараниот акт или документ во копија на која матичниот број ќе биде прекриен.

## 15.ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА И РАБОТНАТА СРЕДИНА

**Член 87**

Органите на Друштвото, акционерите и вработените во Друштвото, секој во рамките на својата надлежност, се должни да превземаат потребни мерки со цел за заштита на човековата околина и животната и работната средина, односно мерки за заштита на животот и здравјето на вработените како и за унапредување на човековата околина.

## 16.ОПШТИ АКТИ

**Член 88**

Односите во Друштвото се уредуваат со овој Статут и другите општи акти на Друштвото и Закон.

Статутот неможе да има одредби спротивни на Закон. Во случај на спротивност на некои одредби на Статутот со закон, ќе се применуваат одредбите од Законот.

За се она што не е предвидено со Статутот, се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва.

**Член 89**

Статутот е основен акт на Друштвото и другите општи акти на Друштвото се во согласност со Статутот.

Во случај на противречност на било кој акт со одредбите на Статутот, ќе се применуваат одредбите на Статутот.

**Член 90**

Статутот, негово изменување и дополнување ги донесува собранието.

Изменувањата и дополнувањата на Статутот се донесуваат во постапка идентична како постапката за донесување на Статутот.

**Член 91**

Постапка за измена и дополнување на Статутот може да покренат: Одборот на директоти и акционери кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акции со право на глас.

Собранието со Одлуката за измена на Статутот го овластува Одборот на директори да подготви пречистен текст на Статутот.

**Член 92**

Измената на Статутот влегува во сила со денот на донесувањето на Одлуката за измена на Статутот освен ако во Одлуката не е утврден друг датум.

**Член 93**

Заради уредување на вкупните општествено-економски односи и другите односи во Друштвото, Одборот на директори на Друштвото донесува општи акти и тоа за прашања за кои со закон Друштвото е задолжено да донесе општ акт или потребата за донесување на општ акт произлегува од потребите на Друштвото.

**Член 94**

Поединечен акт кој ќе биде донесен од орган на Друштвото или поединец, мора да биде во согласност со овој Статут и со општите акти на Друштвото и Закон.

**Член 95**

Изменувања и дополнувања на општите акти се вршат на начинот и според постапката по која се донесуваат општите акти.

Општите акти влегуваат во сила наредниот ден од денот на нивното донесување, односно усвојување од надлежниот орган а акти во кои нема деловна тајна се објавуваат на огласна табла и велгуваат во сила наредниот ден од денот на нивното објавување на огласна табла на Друштвото.

**Член 96**

Толкување на општиот акт дава доносителот на актот.

Толкувањето се објавува и стапува во сила на начин на кој се објавува и стапува во сила општиот акт за кој се дава толкувањето.

## 17.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 97**

Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на овој Статут стапува во сила со денот на донесувањето.

**Член 98**

Одредбите од чл.31, чл.32, чл.33, чл.34 и чл.35 од овој Статут, нема да се применуваат до 01 јануари 2012 година од кога започнува нивната примена.

**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО**
**"РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА СКОПЈЕ"**

**Претседател на Одборот на директори на АД**